# KNAUF STORY

Број 10, декември 2012

Највредниот скапоцен камен
во круната на сувата градба
## KNAUF DIAMANT

Референтен објект:
SKOPJE CITY MALL

Интервју:
АРХИТЕКТУРАТА ВО ВРЕМЕ НА
ЕДИНИЦИ И НУЛИ

KNAUF Newsletter
JAHRE 80

Во фабриката на Кнауф во Дебар се преработува една од најквалитетните руди на гипс во светот. Со милениуми наназад гипсот се користел како градежен материјал, а неговата примена не е прекината до денес. Освен во градежништвото, гипсот се употребува и во медицината, стоматологијата, прехранбената индустрија итн. Неговата pH-вредност, која е иста како pH-вредноста на човечката кожа, е причина повеќе за негово лесно прифаќање од страна на човекот.

И покрај традицијата и довербата, наш најсилен адут е контролата на производите. Кнауф уште од почетоците редовно е носител на т.н. Печат за здрав материјал издаден од IBR од Германија. Најновото ресертифицирање од август 2011 сакаме да не остане неодбележано, бидејќи сметаме дека сите оние што сé повеќе ги употребуваат гипсените плочи на Кнауф, заслужуваат да знаат што имаат во своите домови и работни простории.

IBR

Institut für **Baubiologie** Rosenheim GmbH

# CERTIFICATE OF AWARD

Based on the excellent test results, the Seal of Approval

Tested and recommended
Institut für Baubiologie Rosenheim GmbH
IBR ®
Product tested for VOC · biocides · heavy metals and radioactivity

is hereby awarded to

**Knauf Radika AD**
MK-1250 Debar

for the test item

**gypsum board**

by the Institut für Baubiologie Rosenheim GmbH.

Reimut Hentschel, Managing Director

Rosenheim, August 2011

The Seal of Approval is awarded for 2 years. In the interest of consumers, follow-up testing of the products must be performed in due time before the Seal of Approval expires. The applicant will have to reapply for these tests.

IBR Institut für **Baubiologie** Rosenheim GmbH D-83022 Rosenheim Münchener Straße 18 Tel. +49(0)8031 3675-0
Managing Director: Reimut Hentschel Commercial Register: HRB Traunstein 5362 VAT ID: DE 131182830
info@baubiologie-ibr.de www.baubiologie-ibr.de

*„Институтот за градежна биологија Розенхајм ГМБХ, врз база на одличните резултати на испитувањата, го наградува КНАУФ РАДИКА АД со овој Печат за квалитет за производот: гипсена плоча. Институтот потврдува целосно отсуство на VOC (испарливи органски компоненти), на биоциди, тешки метали и радиоактивност. Рајмут Хенчел, директор, Розенхајм, август 2011.“*




***Почитувани,***

*Уште една година е зад нас и со задоволство можеме да констатираме дека за градежната индустрија тоа беше успешна година. Во следната ни престојат нови предизвици, но со напорна работа и иновативност можеме и неа да ја направиме да биде подеднакво добра, а зошто не и подобра, и покрај сите прогнози и предвидувања!*
*Кнауф материјалите и во оваа година беа употребени во многу деловни и станбени објекти, некои од нив со својата големина и маркантност ќе останат како икони во македонското градежништво (Скопје Сити Мол, Стариот Театар,...). При градбата на повеќето од овие објекти тимот на Кнауф активно учествуваше во имплементацијата на системите, некои од нив за првпат беа употребени во Македонија. Задоволни сме што успеавме да бидеме тоа што сакаме да претставуваме секаде каде што сме присутни како компанија, сервис на луѓето од градежната фела. Сакаме да ги решаваме предизвиците што можат да се јават на градилиштата заеднички и на обострано задоволство. Овој однос кон нашите потрошувачи и нашата огромна палета на производи за градење нé прави единствени на поширокиот пазар. Покрај сето собрано искуство од градилиштата, собраното знаење и посветеност е она што го прави Кнауф да биде светски лидер во градежната индустрија во последните 80 години.*
*На сите Вас, наши партнери, соработници и читатели, најискрено сакам да Ви ја честитам Новата 2013 година, и да Ви посакам многу здравје и спокојство.*

***Тодор Деловски***
***Регионален директор на Кнауф***

Тема: 4
Решавање на проблеми со Кнауф
NO PROBLEM

Интервју: 8
Арх. Ѓоко Радовановиќ
АРХИТЕКТУРАТА ВО ВРЕМЕ НА ЕДИНИЦИ И НУЛИ

Референтен објект: 10
SKOPJE CITY MALL

Кнауф партнер: 12
Екстра гипс - Дебар
АКО СТАМБОЛ ИЗГОРИ, ДЕБАР ЌЕ ГО ИЗГРАДИ

КНАУФ Производ: 14
“KNAUF DIAMANT”

Кнауф вработен: 16
Пепиќ
НА “ТИ” СО ГИПСЕНИТЕ ГЛЕТ-МАЛТЕРИ

Knauf Story е newsletter на Кнауф во Македонија.
Редакција: Кнауф Маркетинг, бул. Александар Македонски 66 Скопје.
Членови на Редакцијата: Роберт Смилески, Велимир Петровски, Тодор Деловски, Блажен Зотовски.
Фотографии: Роберт Смилески, КНАУФ фото-датотека.
Дизајн и подготовка: Република. Тираж: 1500 примероци
www.knauf.com.mk

## РЕШАВАЊЕ НА ПРОБЛЕМИ СО КНАУФ

# NO PROBLEM







Секогаш во архитектурата се натпреварувале две нишки. Дизајнот и практичноста. Или можноста да се проектира нешто убаво и револуционерно, наспроти она што моменталната технологија може да го изведе. На сметка на ова ривалство, во многу случаи мора да се постигне некаков компромис, па да се промени нешто, што можеби е од пресудно значење за некој дизајн, само затоа што технологијата на производство и вградување не е во можност да обезбеди верно пренесување на проектот, од хартија, во простор. Со градежните системи на Кнауф и со услугите на градежниот сервис, ваквите случаи на „разумни компромиси", стануваат минато.

Кнауф Македонија, последнава година се сретна со неколку вакви моменти. Едниот од нив е проектот за акустичен комфор во Синеплекс мулти-кино комплексот во „Skopje City Mall".

Проектот за кината Синеплекс, беше изработен во седиштето на компанијата, во Австрија, со целосна асистенција на тимот на Кнауф Скопје. Имајќи во предвид дека на простор од околу 1000м$^2$, треба да се појават 9 киносали со различен капацитет, секако дека звучната изолација на преградните ѕидови беа единствен услов, за најквалитетните решенија на сувата градба да бидат најсоодветно решение. Вградени беа ѕидови од типот Кнауф DIVA, специјално наменети за киносали, кои освен звучната заштита од 73dB, ги задоволуваат и UCI- стандардите за кино сали, а вклучуваат и употреба

на неколку висококвалитетни плочи и тоа: масивни противпожарни плочи 20mm, 25mm, посебна А1 класа на противпожарна плоча Fireboard, како и 12,5mm плочи со зголемена звучна изолација Knauf Diamant.



Масивните и Foreboard плочите, дополнително позитивно влијаеа на системот, со поефикасно ловење и на ниските фреквенции на звук, со што оневозможија пренос на басот, кој сé повеќе е присутен во звукот на модерните „блокбастери".

Како носачи на ѕидните облоги се јавија два типа на профили. CW100 и MW100. Стандардниот CW100, со својата ширина овозможува достигање на поголеми висини на ѕид, погодни за вакви позиции. На дел од позициите се сретнува и MW100, кој е дополнително напреден профил за вакви системи. Она што го разликува од стандардниот CW профил, е дополнителното „стомаче" во дизајнот на профилот, кој амортизира уште поголем дел од звучните вибрации и нуди дополнителни 5-10dB во системот во кој се планира.

Системите освен огромната звучна изолација, исполнија и високи ПП барања, од минимум 90 минути, кои би можеле да бидат исполнети и со многу послаб систем, кога не би биле високите барања за звучен комфор.

Системите беа исполнети со квалитетна минерална волна од програмата на Knauf Insulation, а дополнително, на многу позиции, пресувана камена волна беше лепена и на готовите преградни ѕидови, со цел да се овозможи поголема апсорпција на звукот. Завршно, на ваквите позиции е поставено црно платно, кое освен апсорбирачка, има и декоративна улога.

Деталите на системите се лесно достапни, а нашиот тим ќе ве посоветува секогаш кога ќе ви бидат потребни информации за било каква позиција и барања.

Вториот момент, кога нашиот тим влезе со голема енергија и желба за брзо решавање на позицијата, е декоративната таван во еден од најсложените објекти од проектот „Скопје 2014", а тоа е објектот на Стариот театар во Скопје. Архитектот, г. Јован Стефановски – Жан, кој самиот е голем познавач на модерните технологии на градење, уште во проектот имаше испланирано употреба на сувомонтажни елементи, особено во делот на декоративниот таван во главната сала на Театарот, нешто што сé уште е непознато за повеќето чинители на нашето градежништво. Ретко кое око, може во 3D рендерот на таа масивна градба, да види простор за технологија која истото ќе го реши, со решение со систем, тежок само 30-ина килограми на метар квадратен, наместо процедура на изградба на купола, со лиени елементи, поврзувани на некаков начин, кои би тежеле неколку десетици пати повеќе и не би имале печат на систем на себе.

Она што Кнауф од Скопје го доби како информација, беа барањата на позицијата, за вкупната тежина на дополнителните декорации, барањата за противпожарност и dwg-датотека од основата и за пресеците на елементите. Постоеја два сложени елемента за изработка - куполата над главното гледалиште и декоративниот свод над оркестрата.

*Die Knauf Produkte helfen den Architekten und den Ingenieuren sehr gegenwärtige (moderne) Räume, ohne das Design für Anwendbarkeit zu beeinträchtigen, zu gestalten. Zwei Fälle in Mazedonien waren Showcases für die Bereitschaft von Knauf allen Arten von technischen oder designbezogenen Herausforderungen, die auf dem Bauobjekt erscheinen, zu stellen: Der akustische Komfort in dem Kinokomplex in Skopje City Mall, als auch die dekorative Inneneinrichtung des rekonstruierten Kultgebäudes, des alten Theaters in Skopje.*

*Knauf products help architects and engineers create most advanced spaces without compromising the design for practicality. Two cases in Macedonia this year were showcases of Knauf's readiness to meet with every kind of technical and design related challenges that appear on any construction site: the acoustic comfort in the cinema complex in Skopje City Mall as well as the decorative interior of the reconstruction of Skopje's iconic building of the old theater.*

Одговорни за изработка на елементите беа нашите германски колеги од тимот во Ипхофен, кои ги изработија калкулациите за потконструкцијата на елементите, како и типот на облогата, која мораше да ги исполни сите барања на проектантот.

Куполата, која е стандарден систем, во нашите технички листови заведен под шифра D193, мораше да претрпи неколку измени, за да може целосно да ги задоволи барањата на проектот. Основниот елемент на куполата, свитканите CD-профили добија појака секундарна потконструкција од прстени од челични кутиести профили. За нивно прикачување, беа употребени држачи Nonius, со класа на носивост до 40kg и висока класа на противпожарност, кои се прицврстени на АБ таван со челичен сидрест клин, од програмата на Кнауф. Имаше и посложени барања во куполата. Освен декорациите по цела површина на куполата, постоеја и концентрирани декорации, со голема тежина, во окулусот на куполата и на нејзиниот надворешен радиус. Дополнително, за преземање на овие товари, беа испланирани 5 прстени, изработени од двојни UA-профили, со дебелина од 2mm, кои ги преземаа овие товари, а кои самите се прикачени на носечката АБ-таван со M8 челични вретена.

Конечно, целиот систем беше двослојно обложен со противпожарни гипсени плочи, кои во нашата фабрика во Ипхофен беа по мерка искроени во трапезоидна форма, со цел да се овозможи лесна и брза монтажа, трајна површина и совршена естетика на добиениот производ. Монтажата ги следеше стандардните принципи на двослојно обложување со гипсени плочи, при што се избегнуваа крстести споеви и нивно преклопување со споевите од долниот слој.

Како маса за фугирање, на сите декоративни позиции употребен е Кнауф Унифлот, висококвалитетен и високоеластичен гипсен материјал за исполнување на споеви, кој гарантира трајни и квалитетни споеви.

Врз целиот систем на куполата поставена е минерална волна, која овозможува впивање на звукот што ќе навлезе во просторот над неа,



како и одржување на истото ниво на противпожарност и во насока „одозгора надолу”.

Втор елемент беше елементот над оркестрата, кој за разлика од куполата, која има еден радиус на свиткани профили, имаше свиткани профили по двете оски, со променлив радиус и со исти барања за дополнителни декорации по целата површина. Стандардно, монтажната потконструкција е составена од свиткани CD-профили, а во овој случај, носечката потконструкција е изведена од свиткани UA-профили, посебно прикачени на носечката конструкција над елементот. Целата површина на елементот е прекината од 3 лажни греди, коишто, исто така, се монтажни елементи, кои по пресметките од нашиот тим во Ипхофен, беа составени од свиткани UA-профили, кои со посебни прифатни плочки, прикачени се на АБ таван и меѓусебно се поврзани со свиткани CD-профили, кои ја оформуваат гредата.

Кога сево ова ќе се искомбинира со пресудниот квалитет на екипата што беше одговорна за изведба на системите - екипата на Горан Џико, кои сносат исто толкава одговорност за трајноста и за квалитетот на вградениот  систем, колку и самиот производител, неизбежен резултат е она што набрзо ќе можете да го видите на овој објект: извонредно системско решение на извонредно декоративна позиција, која со својот изглед ќе плени десетици генерации, кои ќе доаѓаат во овој објект по сосем слична потреба. Задоволување на потребата за естетика, како во архитектурата, така и во театарската уметност, чиј дом ќе биде овој прекрасен објект.

Ова не е реклама. Ова е чисто и едноставно фалење за она што успеавме да го направиме. Круна на комуникацијата меѓу нашиот технички сервис, искусните инженери од Штрабаг – Скопје и нашиот тим на искусни техничари и инженери во фабриката во Ипхофен.

***Блажен Зотовски***
***Советник за сува градба***















Разговор со дипл. арх. Ѓоко Радовановиќ

# Архитектурата во време на единици и нули

Промените во светот се случуваат со многу брзо темпо и тоа темпо секој модерен архитект мора да го следи. Денешницата е време на бинарен систем, на единици и нули, време на дигитални информации кои достигнуваат до сите на експресно брз начин насекаде.

**Зошто се определив да работам со материјалите на Кнауф?**
Има неколку причини. Одговорот можам да го дадам најлесно преку примената на Кнауф во неколку случаи. Прво, кај станбените згради на Соравиа на Водно, во Скопје, се планираше фасада, која требаше да има грди олуци. Тој олук како и да го фарбаш или како и да се обидуваш да го сокриеш, тука има разни држачи, дистанцери и слично кои би помогнале притоа, сепак, според мене тој навистина ќе го грдеше објектот. Ние затоа ги обвиткавме со цементите плочи Кнауф Аквапанел и така со финалната фасадна обработка тој стана интегрален дел на фасадата, а со тоа обезбедивме и доволен простор за цевките за кондензација.

Друг пример е со семејна куќа. Ако влезете во тој објект – целиот е обложен со Кнауф. Облогата стои врз тервол и со што се спречува несакани звуци да влезат во нашиот дом. Помеѓу бањата и другата соба ставам ѕид Кнауф W112 и со тоа спречувам звуците од бањата да не се шират во друга соба, бидејќи не смееме никако да дозволиме да слушаме кој и како ја користи бањата. За еден инвеститор, кој имаше посебни барања и потреби, за повисоко ниво на звучна изолација, употребивме Кнауф Клинео Акустик плочи со што исполнивме и желби за кои и самиот инвеститор се сомневаше дека воопшто има решение.
Камините што ги произведуваме се обложени со огноотпорна Кнауф-

*"**Die Architektur in der Zeit von Nullen und Einsen**" | Hr. Radovanovic ist ein bekannter mazedonischer Architekt , der hinter sich viele große Projekte gelassen hat , die über die jetzigen Architekturtrends sprechen. Mit der Anwendung von Knauf Materialien, insbesondere an Stellen wo sie unersetzbar sind, ist er tapfer vor den Anderen voran gegangen.*

*"**The architecture in the times of ones and zeros**" | Mr. Radovanovic is a famous Macedonian architect who left behind many great projects talks about the architecture trends now. Very often he baldly went ahead of other by using Knauf materials, especially at points where they are irreplaceable.*





плоча. Гипсените плочи дозволуваат на каминот да му правиме форми какви што ни се потребни и слободно можеме да ја употребиме имагинацијата. Ние архитектите не сакаме да трошиме време на цртање детали, предмери и пресметки, а посебно не на погрешни детали и пресметки. Кнауф со својата логистика и со стручната екипа ни помага максимално со тие готови детали, така што нема потреба да трошиме време на едноставни и математички проблеми, кои само одземаат време. Со тоа ни овозможуваат да посветиме повеќе на креативноста. Затоа мајсторите се разликуваат од обичните спринтери. Спринтерите трчаат 100 метри за 11 секунди, а мајсторите за време од под 10 секунди!

**Какво е Вашето мислење, дали генерално македонските архитекти имаат храброст да пробуваат нови материјали, да експериментираат, а не само конформистички да се држат кон старите конвенционални градежни материјали?**

Постои страв од промени, секако, бидејќи новостите некогаш носат проблеми, кои се резултат на неискуството со тие одредени материјали. Но мора да се живее времето во кое постоиме. Промените во светот се случуваат со многу брзо темпо и тоа темпо секој модерен архитект мора да го следи. Денешницата е време на бинарен систем на единици и нули, време на дигитални информации кои достигнуваат до сите на експресно брз начин насекаде. Ако веќе тие градежни материјали се користат низ Европа и низ светот, каде што знаеме колку построги стандарди и атести постојат, јас не гледам причина зошто овде некој би измислувал нови решенија и системи во градбите.

**Кога би Ве посетил некој архитект од странство што би му покажале од објектите во Скопје?**

Јас би му покажал нешто ако е тоа изведено навистина современо, но исто така и би се качиле до скопско Нерези за да му покажам нешто што јас имам, а тој нема, па да види од каде ние сме тргнале за да дојдеме до ова денес. Да види кои материјали биле употребувани овде пред повеќе од 1000 години, а на она што сé уште стои пред нас можеме да се воодушевуваме и во сегашноста.
Инаку состојбата на архитектурата кај нас е малку налик на состојбата и кај колективните спортови, како на пример кај нордиското скијање, и сл. Но, сепак, талентот што го имаме во ова подрачје ни дава надеж дека со мала логистика и поддршка можеме да бидеме конјуктурни со најголемиот дел од светот.

**Што Вие лично би сакале во иднина повеќе да работите во архитектурата?**

Јас би работел секаде каде што јас би останал јас, а притоа за тоа би бил добро платен. Тоа може да се смета и како отворена понуда до инвеститорите.







# SKOPJE CITY MALL

















## ПОДАТОЦИ ЗА РЕФЕРЕНТЕН ОБЈЕКТ

### СКОПЈЕ СИТИ МОЛ

**Инвеститор**:
Балфин МК

**Архитекти**:
Laguarda.Low Architects,
Тексас, САД
DSC Design, Скопје, Македонија

**Кнауф партнери**:
Акустик Дизајн
Гипсар
Хаски

**Кнауф изведувачи**:
Монтажа Дизајн
Монтажа Проект
Филип Прима Ексклузив
Вист Инвест
Мал Меи
Срма
Алфа Арт
Квин Дизајн
Силвер монт
Куба Дизајн
Монтер фантазија

**Кнауф системи**:
Преградни ѕидови
Кнауф стандардни плочи А13 – 120.000 м$^2$
Кнауф противпожарни плочи F13 - 10.000 м$^2$
Кнауф плочи отпорни на влага H13 - 10.000 м$^2$

**Малтери**
Кнауф MP 75 - 90 тони

**Мултикино**:
систем на преградни ѕидови DIVA со MW профили- 2.500 м$^2$

**Ревизиони отвори** -
200 парчиња





## ЕКСТРА ГИПС - ДЕБАР

### Дебарските градители и градежни материјали како бренд-

# Ако Стамбол изгори, Дебар ќе го изгради




ДЕБАР КАКО ДОКАЖАН ЗАНАЕТЧИСКИ ЦЕНТАР НА БАЛКАНОТ БИЛ ПОЗНАТ ОДАМНА. НЕ СЛУЧАЈНО ПОСТОИ СТАРАТА ИЗРЕКА „АКО СТАМБОЛ ИЗГОРИ, ДЕБАР ЌЕ ГО ИЗГРАДИ“. И НЕ САМО ПОРАДИ МЕСТОТО НА ФАБРИКАТА НА КНАУФ ВО МАКЕДОНИЈА, ОВОЈ ПАТ ПИШУВАМЕ ЗА НАШАТА ПАРТНЕР-ФИРМА ВО ДЕБАР

Поврзаноста на г. Дини Косоврасти со гипсот, и индиректно со Кнауф, е, всушност, со постар датум од самото формирање на неговата фирма во 1992 година, кога малата трговија за железарија се отвори во Дебар. Пред да започне да го води својот фамилијарен бизнис г. Косоврасти веќе имаше големи познавања за градежните материјали, посебно за гипсените материјали, што се должи на неговото повеќегодишно искуство во некогашната гипсара Радика. Знаењата за гипсот и за градежната индустрија се собирале од повеќе места при работата во фабриката, почнувајќи од фабричката лабораторија, каде беше раководител, до задолженијата во процесот на продажба и производство, особено во погонот за специјални гипсови, каде што поминал многу интересни работни денови испитувајќи ја рапавоста (и со тоа класата) на калапите од кои се правела санитарна керамика.
Токму поради последново, тој се радува на повторното актуализирање и надградба на производството на Кнауф во Дебар, со активирањето на производството на алфа-гипс. Со своето искуство и минат труд планира да се активира како партнер на Кнауф при продажбата и на алфа-гипсот од Кнауф. Официјално фирмата Екстра Гипс во 1997 година стана партнер- фирма на Кнауф и од тогаш до денес развојот на фирмата оди само по нагорна линија. Од малото дуќанче денес

*„**Wenn Istanbul niederbrennen würde, Debar wurde ihn neubauen ( ein altes lokales Sprichwort)**“ | Hr. Dini Kosovrasti ist in dem Gipsgeschäft schon seit langer Zeit tätig. Zuerst als Angestellter in dem ehemaligen Werk Radika in Debar und jetzt als Knauf Partner. Er ist stolz darauf in dieser Industrie in der Stadt Debar zu sein, wo das Gips und andere Reichtümer von der Erde ( wie z.B. die geo-thermalen Wässer)eine große Bedeutung für die Entwicklung und das Image der Stadt darstellen.*

*“**If Istanbul burns down, Debar will rebuild it (an old local saying)**” | Mr Dini Kosovrasti has been in the gypsum business for a long period of his life. At first, as an employee in the former factory Radika in Debar and now as a Knauf Partner. He is proud of being in this industry in the town of Debar, where gypsum and other riches from the earth (like the geothermal waters) mean a lot for the development and the image of the town.*

Екстра Гипс стана почитувана фирма, со 7 вработени директно во продажбата на градежни материјали, 4 екипи за работа на сува градба, малтери и една молерофарбарска екипа.
„Да се биде партнер на Кнауф значи да се биде лицето на Кнауф пред своите купувачи и затоа секој мора да инвестира во достоинствено продажно место каде што купувачите ќе можат да имаат достоинствена и стручна услуга."
Годинава што помина е навистина успешна за нашата фирма. Иако Дебар е мал град последните 2-3 години се гради повеќе. Дебарчаните, кои се привремено вработени низ Америка и Европа, инвестираат дел од своите заработени пари во изградба на станови и куќи, а живеејќи таму добро се запознаени со новите начини на градба, со сувата градба, малтерите и општо со квалитетот на гипсот и од тие причини не претставува никаков проблем да се убедат да градат со овој начин на градба. Напротив, новите градби се градат сé повеќе со системите на Кнауф. Во моментов се градат 3-4 големи станбени згради и сите ги малтерисуваме со Кнауф MP 75 L, а преградните ѕидови и санитарните јазли со соодветен систем на гипсени плочи.
Со отворањето на границите кон Пешкопеја во соседна Албанија, пазарот ни се прошири за уште 110.000 луѓе, кои се „гладни" за материјалите на Кнауф.




Последнава година и светски познатите дебарски бањи се обновија со Кнауф-материјали. Дебарската бања Цапа денес е модерно реновирана со употреба на наши материјали и целиот бањски комплекс се гордее со еден нов имиџ на современ спа-центар, за кој се надеваме дека допрва ќе се дознае низ Македонија, регионот и пошироко.
Во иднина се надеваме дека Ектра Гипс ќе продолжи со развојот нудејќи сé повеќе различни системи за градба од Кнауф. Освен продажбата, ќе се залагаат и за повисок квалитет на вградување на материјалите, како што е опишано во техничките листови на Кнауф, со цел да се зголеми задоволството и да се избегнат евентуалните рекламации кои се резултат на импровизации и незнаење на мајсторите. Во оваа пригода сакам да се заблагодарам на целиот тим во Кнауф од Скопје и Дебар, за нивното залагање околу нас, за постојаните обуки и тренинзи од кои многу учиме и се мотивираме.
Приватно, г. Косоврасти е семеен човек. Горд е на своите две деца од кои добива и помош и во работата. Синот Ндричим, магистер по фармација ми помага околу процесот на продажба а јас се грижам повеќе околу логистиката.
Го сакам градот Дебар, кој е град горд на своето минато и на својата прекрасна природа која го обиколува. Освен моментите со семејството, ме исполнуваат приватно и моментите поминати на риболов со моите другари. Градот Дебар е даруван од Бога со многу природни богатства. Освен познатите „4 деветки" на чистиот дебарски гипс (99,99% чистина на овдешниот гипс) и топлите води во бањите се прочуени низ целиот свет. Со своето големо количество на негативни јони како доброчинители се наоѓа на врвот на бањите од тој тип, заедно со две бањи од Бразил и Русија. Се надевам дека сите овие дарови на природата ќе го направат Дебар поубаво место за живот за сите.





# Кнауф Дијамант – Највредниот скапоцен камен во круната на сувата градба

Зар треба да почнеме каков било текст, со клише-констатацијата дека светот се менува, дека растат неговите потреби и дека секој ден се бара сé повисок и поздрав квалитет на животот? Зар треба некого да потсетуваме дека животот е сѐ постресен и дека во домот ни треба заслужен мир и спокој? Тој мир и спокој, веќе 80 години Кнауф, со сувата градба, му ги обезбедува на светот, а споменатиот брз развој ни наложува секојдневно да ги унапредуваме нашите производи и системи и секоја наша интервенција да остава задоволни клиенти. Инвеститори, проектанти, изведувачи и клиенти.
Нашиот развоен тим, составен од повеќе десетици технолози (доктори на науки во своите сфери), основните барања за производите на кои работат ги добиваат од нас, т.е. од самиот пазар. Нашите испитувања покажаа дека пазарот за сува градба посакува ваква плоча:




### Кнауф Дијамант – за овде, за онде, за секаде!

Иако веќе некое време е целосно присутна на пазарот, време е да и посветиме малку внимание на најквалитетната плоча од нашата производна линија, плочата Кнауф Дијамант. Тоа е плоча, кој е базирана на напредните својства на алфа-гипсот и посебниот начин на производство, кој и овозможува зголемена густина и напредна цврстина и звучно-изолациска моќ. Со тоа, отворена е сосема нова зона на употреба на плочата. Ако ја спoредиме со нејзините претходници, ги надминува во многу својства. Ако го земеме стандардот EN520, под кој ги произведуваме нашите плочи, тој ги категоризира истите во неколку категории означени со букви. Класа “A”, обична градежна плоча, без посебни својства. Класата “F” е ознака за противпожарна плоча, или онаа позната црвена Кнауф ПП. Класа “H”, која означува повисоко ниво на импрегнација, т.е. влагоотпорност на плочата, а дополнително “D” во категоризацијата значи дека гипсената исполна на плочата е со контролирана густина. “R” означува зголемена и напредна отпорност на притисок и удар и “I” значи зголемена површинска отпорност на абење, т.е. на гребење и на набивање. Сите овие ознаки ја карактеризираат нашата гордост, плочата Кнауф Дијамант.
Дозволете ни да споредиме неколку важни карактеристики на оваа плоча, со веќе стандардните плочи и системи на Кнауф:
W115 со стандардни гипсени плочи и
W112 со Дијамант плоча и MW профили



Звучна изолација: 61dB
Дебелина на систем: 155мм
Максимална висина: 6м



Звучна изолација: 63dB
Дебелина на систем: 125мм
Максимална висина: 9,85м

Отпорност на удар? Што ако ви кажеме дека имаме систем кој помина тест на непробојност, каде што системот спречи пробивање на куршум испукан од Магнум 44. Секако, го имаме и атестот кој го докажува системот, кој вклучува 4 Дијамант плочи и 2 гипс-фазер Торо плочи. Сигурност на најкомплицираните позиции. Банки, обложувалници, итн.
Површинската отпорност на оштетување пак, ни овозможува да добиеме отпорна површина на места каде што таа е најпотребна. Болници, каде што се врши



До 50кг. До 60кг.

транспорт на пациенти во подвижни кревети и колички, кои неретко удираат во незаштитените ѕидови. Во училишта, каде што учениците едвај го чекаат последното ѕвонче, за, станувајќи да го лансираат столчето во ѕидот и трчајќи да ја напуштат „омилената” училишна зграда. Загарантирана трајност на завршната обработка и долго задржување на вредноста на целиот објект.
Со самата зголемена крутост на плочата, зголемена е и носивоста на системите во кои влегува истата. Со истите врзни елементи, се добива поголема носивост. И, ако треба да резимираме, т.е. да направиме список на најдиректни



# 1:0



препорачани позиции на плочава, би имале доста за пишување. Значи, плочата е импрегнирана, што значи дека слободно може да се постави на позиции во влажни простории. Противпожарна е, па можеме да ги достигнеме стандардните нивоа на ПП-заштита (30-180 минути кај различни системи). Има напредна звучна заштита, па така може да донесе уште поголем квалитет и на претходно споменатите системи и на системите кај кои добрата звучна заштита е основно барање - киносали, гласни угостителски објекти, хотели, болници, училишта. Тука, спомнавме дека и отпорноста на удар и оштетување е дополнителна





До 65кг.

предност. Инвеститорите се решаваат да ја употребат оваа плоча во своите станбени објекти, особено во ходниците помеѓу становите, со цел да избегнат оштетување на овие ѕидови уште при самото вселување на корисниците, кога се пренесуваат кабасти елементи, гарнитури за седење, кујнски елементи, кревети, итн.

Конечно, оваа плоча ни овозможува да создаваме поквалитетен простор, простор кој ќе трае и простор кој уште погордо ќе им го отстапиме на нашите следбеници, купувачи, гости.

***Блажен Зотовски***
***Советник за сува градба***

## Подобрување на звучна заштита:

**W111** — **Kaj W111 + 24%**

| Knauf Profil Ständerachsabstand 625 mm | max. Wandhöhen (ohne Brandschutz) Knauf Platten m | Diamant m |
|---|---|---|
| CW 50 | 3,20[1] | 4 |
| CW 75 / MW 75 | 4 | 4,75 |
| CW 100 / MW 100 | 5,10 | 6,55 |
| CW 125 | 6,65 | 8,30 |
| CW 150 | 8,20 | 9,55 |

1) nur Einbaubereich 1




**W112** — **Kaj W112 + 30%**

| Knauf Profil Ständerachsabstand 625 mm | max. Wandhöhen (ohne Brandschutz) Knauf Platten m | Diamant m |
|---|---|---|
| CW 50 | 4 | 4,75 |
| CW 75 / MW 75 | 5,05 | 7,20 |
| CW 100 / MW 100 | 7,20 | 9,30 |
| CW 125 | 9,10 | 10,80 |
| CW 150 | 10,60 | 12 |




**W113** — **Kaj W113 + 31%**

| Knauf Profil Ständerachsabstand 625 mm | max. Wandhöhen (ohne Brandschutz) Knauf Platten m | Diamant m |
|---|---|---|
| CW50 | 5,20 | 7,85 |
| CW75 / MW 75 | 7,70 | 9,85 |
| CW100 / MW 100 | 9,75 | 11,90 |
| CW125 | 11,35 | 12 |
| CW150 | 12 | 12 |






## РАЗГОВОР СО Г. ПЕПИЌ,

# На ТИ со гипсените глет-малтери

Сé започна од фабриката во Дебар, каде што ги вршевме пробите и тестирањата на малтерите, како и нивната издашност. Потоа стана императив да им се презентира на потрошувачите што се предностите на гипсените глет-малтери, односно да им се каже дека тие претставуваат природен, еколошки и биолошки здрав материјал. Единствен материјал со еквивалентна pH-вредност како човечката кожа.

**Како и кога почна твојата Кнауф приказна?**
Моите почетоци во Кнауф се поклопуваат со почетоците на Кнауф во Македонија. Првите контакти со Кнауф беа откако се отвори канцеларијата на Кнауф во Скопје во далечната 1994 г.

**Какви предизвици си имал на работа некогаш а какви денес?**
Кнауф во својата палета има голем број градежни системи. Гипс-картонот како систем, или познат како сува градба, во тој период во Македонија претставуваше некаков новитет, кој ја олесни работата на голем број архитекти во поглед на уредувањето на внатрешните ентериери (спуштени тавани, сводови и сл.). Во тоа време работев како приватна фирма и бев еден од малкуте со ова занимање. Нормално, како и со секој новитет, имаше отпор кон примената на гипсените плочи, пред сé кај оние што се држеа кон традиционалните градби, но, исто така, и кај конкурентната фела.

Со тек на време беа прифатени сите варијанти на овој систем: преградните ѕидови со стандардните, противпожарните и плочите отпорни на влага. Во секој случај, оваа е интересна и динамична професија која нуди креативност во работата и, се разбира, нуди солидна заработувачка.

*Hr.Pepic ist fast vom Anfang an in Knauf. Obwohl er als Trockenbauspezialist angefangen hat , ist er jetzt in der Region ein Synonym für die Knauf Putze. Er erklärt warum er die Knauf Putze bevorzugt und die Art wie er den Kunden seine Botschaft weitergibt.*

*Mr. Pepic is in Knauf almost from the very beginning. Although he started as a dry-walling specialist, he is now a synonym for the Knauf plasters in the region. He explains why he favours the Knauf plasters and the way how he relays his message to his customers.*





**Зошто токму малтери, а не некој друг тип на градежен материјал/занает?**
Во 2004 г., Кнауф започна со производството на нов машински гипсен глет-малтер во Дебар. По тој повод се објави оглас, на којшто бев примен, и истата година бев испратен на обука во фабриката на Кнауф во Јаворзно, Полска, каде што се здобив со скапоцено знаење и искуство. Во тоа време во фабриката во Дебар произведувавме три производи, и тоа, MP 75, MP75 L и рачен малтер Rotband. Како и во случајот со гипскартонските системи, пред мене престоеше предизвик да се влезе во костец со многу активности: формирање, организирање и превземање на пазарот. Сé започна од фабриката во Дебар, каде што ги вршевме пробите и тестирањата на малтерите како и нивната издашност. Потоа стана императив да им се презентира на потрошувачите што се предностите на гипсените глет-малтери, односно да им се каже дека тие претставуваат природен, еколошки и биолошки здрав материјал. Единствен материјал со еквивалентна pH-вредност како човечката кожа, материјал што дише, што е противпожарен, благодарение на тоа што ги врзува молекулите на вода во кристали за време на сушењето, бидејќи во услови на влага овие наши малтери ја апсорбираат влагата, но ја враќаат назад во топол период. Важно е да се спомене и дека Кнауф-малтерите можат да се применат од подрумот до кровот во кој било објект. Брзината на нанесување во една рака со машина, без претходен шприц, грубо, фино, и глетувањето овозможи значително намалување на работната оператива, како и на отпадот што се јавуваше при малтерисување.

**Се сеќавате ли на првиот објект и првата презентација што ги работевте со тогаш новите малтери? Како се одвиваа работите потоа?**
Како не. Тоа беше објект работен со MP 75, инвестиција на Аспро, а изведен од Билд. Првата презентација се одржа во Тар Инженеринг во 2005 г. Тогаш имаше мал број изведувачи и ми претстоеше доста работа во формирање на нови, кои ќе бидат носители на машинското малтерисување во иднина. Следеа голем број семинари, промоции, предмери, пресметки за квалитетни понуди итн. Од 2011 година во Кнауф Радика почна да се произведува и уште еден нов производ – самонивелирачката течна гипсена подна кошулка FE 50 Largo на база на алфа гипс. И за овој производ се употребува истата машина за малтерисување PFT G4 или G5c, за подови и во станбени и во деловни простории со минимална дебелина од 3cm. (за помали квадратури може да се меша и со електр. миксер или обична бетомешалка). Досега рекорд на нанесување на една PFT G4 машина беа 600m2 за 8 часа. За изработката на овие подови важна е уште една хумана димензија, а тоа е начинот на излевање од изведувачите, кое се врши во исправена положба, прилично лесно и едноставно, што е многу важно за нивното здравје, зашто при изработка на друг тип подови, клечејќи цело време, го нарушуваат здравјето.

**Твое мислење за трендовите за градба во Македонија во однос на трендовите во светот?**
Градежништвото е локомотива која со себе влече преку 20-тина вагони, кои ја сочинуваат станбената градба. Градежништвото, водено од потребите, се надградува постојано со цел да ги следи трендовите. Трендовите, пак, се резултат на техничките иновации на производителите на градежни материјали. Кнауф со својата мрежа на фабрики низ светот, каде што се произведуваат најразлични материјали, ги задоволува сите барања на современата градба, а во многу и предничи со своите иновации.

**Што сака Пепиќ приватно да прави во своето слободно време?**
Слободното време секогаш го трошам со семејството и со пријателите.
Времето со фамилијата во нашата куќа, во прекрасниот предел на пештерската висорамнина во Санџак ми значи посебно. Со пријателите знаеме да поминеме убави моменти играјќи шах, беќот и сл.





**На што си посебно горд, професионално и приватно?**
Кнауф е една од ретките фирми која вложува многу во едукација на кадри за квалитетна примена на своите производи. Во тој поглед сум посебно горд, бидејќи сум учествувал во формирање и обука на повеќе од 50-тина фирми за изведба на машинските гипсени глет малтери во Македонија.

# КНАУФ СКОПЈЕ - Општествено одговорна компанија

**Општествена одговорност на бизнис заедницата**
Функционирањето во едно организирано општество носи одговорност да се придонесе за негово прераснување во една стабилна заедница, во која сите единки ќе може да ги остварат своите потреби, желби и амбиции. Препознавањето на проблемите ,кои се нераскинлив аспект од животот на луѓето, интервенирањето, со цел да се создаде поубава и посреќна средина, каде што владеат вистинските вредности, нé прави општествено одговорни и наполно свесни дека со подобрување на условите градиме стабилна средина во која многу поедноставно сите можеме да го оствариме сопствениот потенцијал.

**Поддршка и учество на проекти со хуман карактер**
Постојат различни начини како да се излезе во пресрет на оние коишто имаат некаква потреба. Многу компании, а вклучително и нашата, се стремат да се издигнат на ниво, да ја добијат поддршката и довербата на граѓаните во однос на квалитетот на услугите и во однос на производите што ги нудат. Нашата искрена визија претставува отворено препознавање на проблемите и соочување со нив во рамките на нашите можности и способности. Грижата за граѓаните преставува фундамент на нашата компанија а со поддршката на некои хумани проекти се надеваме дека ќе се етаблираме како суштествен ентитет во корпоративно општествената заедница. Вакввото размислување е длабоко втемелено во нашиот принцип и концепт на работење.


КОРПОРАТИВНА ОПШТЕСТВЕНА ОДГОВОРНОСТ 73
ОПШТЕСТВЕНА ОДГОВОРНОСТ НА БИЗНИС-ЗАЕДНИЦАТА
Кнауф, партнер на децата со посебни потреби


**Кнауф партнер на децата со посебни потреби**
Децата се наше богатство и ние сакаме да помогнеме во создавањето на еднакви шанси за сите деца: сé со цел тие безгрижно да пораснат и себеси да се остварат во средината во која се родиле. Наполно сме свесни за проблемите со кои се соочуваат децата со пречки во развојот. Кнауф активно учествуваше во 2 проекта со кои значително сеподобрија условите во кои овие дечиња ја добиваат својата физикална терапија неопходна за максимално користење на своите потенцијали за во иднина. Пред 2 години Кнауф активно учествуваше на проектот инициран од НВО ПОЗИТИВО за реновирање на детскиот оддел за физикална рехабилитација при Заводот за рехабилитација во Скопје, донирајќи материјал и услуги за комплетно реновирање на просторот. Оваа година Кнауф придонесе за подобрување на условите на дечињата со пречки во развој при ортопедската клиника Мајчин дом во Скопје.

**Проект- Мајчин дом**
Проектот за реновирање на детскиот оддел за физикална терапија при

## Сега поблиску до нашите купувачи

# Отворени уште два нови канали за комуникација

Во претходниот период беа отворени уште два канала за комуникација со купувачите и сите заинтересирани за новостите во градежништвото и архитектурата, кај нас и во светот. Следејќи ги трендовите на времето во кое живееме, сега Кнауф во Македонија може да се најде и на друштвените мрежи Фејсбук и на Јутуб. Станете и Вие дел од групата, која ги следи овие канали и на тој начин секогаш ќе бидете први и поблиску до сé она што е актуелно и интересно во светот на Кнауф и градежништвото: нови производи, референтни објекти, корисни практични информации, а во иднина и разни наградни конкурси, каде што Вие ќе можете да се истакнете со Вашето знаење и креативност.

facebook.com/KnaufMacedonia

youtube.com/KnaufMacedonia

# Skopje Design

Skopje Design Week (Недела на дизајнот – Скопје) и оваа година беше успешно реализирана, од 4-10 септември 2012 г. во Куршумли Ан. Кнауф со задоволство го поддржува овој настан, кој е уникатно искуство за сите учесници и посетители. Во рамките на настанот беа презентирани мешавина на иновативни дисциплини, како







ортопедската клиника Мајчин дом-Скопје, е проект на НВО Дајте ни крилја- Скопје, организација која се бори за правата на лицата со посебни потреби и лица со ретки болести. На нивна иницијатива отпочна проектот, кој подразбираше реновирање на 130 м2 простор, при што над 100 дечиња од најразлична возраст од еден поширок регион во државата ја добиваат својата редовна терапија. Проектот подразбираше комплетно реновирање на просторот наменет за физикална терапија. Кнауф се јави како еден од поголемите донатори во фаза која подразбираше инсталација на нови гипсени ѕидови и комплетно реновирање на постоечките ѕидови со машински гипсен глет малтер. Одобрената и реализирана донација беше во форма на материјал и негова комплетна инсталација. Земајќи предвид дека гипсот е еден од најздравите градежни материјали со своите карактеристики ќе придонесе во креирање на здрава и лесно одржлива средина во која ќе се извршува детската физикална терапија. Кнауф несебично го поддржа проектот ставајќи ги на располагање сите свои ресурси однос на изведбата, како и обезбедување на висококвалификувана работна сила за изведба на преградните ѕидови со соодветна техничка спецификација, која одговара на објекти од ваков тип. Координаторот на проектот Мајчин дом, Маја Лазаревска ги потенцира придобивките од ваквиот проект, односно потенцира дека со изведените градежни промени и со подобрувањето на основните услови се олеснува и онака трнливиот пат на семејствата, кои имаат деца со физички хендикеп, бидејќи ваквите деца се многу често и со нарушен имунитет, па обновената и чиста средина ги заштитува децата, ексклузивно важен сегмент од нивната рехабилитација. Г-ѓа Лазаревска дополни дека во рамките на едукативниот сегмент на проектот, исто така, во соработка со Кнауф, планирана е изработка на интерактивен ѕид за вежбање на груба и на фина моторика, кој ќе биде претставен на промотивниот настан, по повод завршувањето на проектот за реновирање на почетокот на 2013 година. Специјалните дизајни беа создадени на неколку едукативни работилници со студенти по архитектура и дизајн, а Кнауф повторно ја поддржа ваквата креативна иницијатива на младите, преку реализација на специфичните дизајни преку примена на нивните системи за сува градба, поттикнувајќи ги младите преку реализација на нивните замисли да ја негуваат хуманата мисла и активно да придонесуваат во рамките на своите можности.

# Week 2012

дизајн на производи, мода, накит, фотографија, филм, музика, гастрономија, театар, визуелни уметности и други дисциплини поврзани со културата. Кнауф се идентификуваше во високите естетски форми презентирани од познати и помалку познати, но надежни уметници и дизајнери од Македонија и странство.




## ФОТО ВЕСТ - Ден на дрвото, ноември 2012





www.knauf.com.mk



**ТАВАНСКИ СИСТЕМИ**
- Тавански системи од гипсени плочи
- Акустични и тавани со специјален дизајн
- Облоги на поткровје



**ЅИДНИ СИСТЕМИ**
- Преградни ѕидови на метална потконструкција
- Ѕидни облоги и инсталациски канали
- Санитарни градежни системи и ревизиони отвори
- Системи за лизгачки врати



**ПОДНИ СИСТЕМИ**
- Самонивелирачки подови
- Повишени подови
- Маси за порамнување



**СИСТЕМИ ЗА ФАСАДИ И ИЗОЛАЦИСКИ СИСТЕМИ**
- Контактна фасада



**СИСТЕМИ ЗА МАЛТЕРИСУВАЊЕ**
- Гипсени глет малтери



**БАУМАРКТ ПРОГРАМА – НАПРАВИ САМ (ГРАДЕЖНА ХЕМИЈА)**
- Лепаци за плочки и фуги
- Глет маси, лепаци, дихт ленти, израмнувачи, алати
- Средства за чистење и нега

## КОНТАКТ ИНФОРМАЦИИ


**Кнауф Радика АД - Дебар**
ул.8 Септември 66
1250 Дебар
Тел: 046 839 200
Факс: 046 831 650

**Канцеларија за продажба и маркетинг**
бул.Александар Македонски 66
1000 Скопје
Тел: 02 3235 750
Факс: 02 3235 760

info@knauf.com.mk

facebook.com/KnaufMacedonia

youtube.com/KnaufMacedonia


## КНАУФ КОНСАЛТИНГ

### СОВЕТУВАМЕ ЗА:

- Системи за сува градба
- Монтажни куќи
- Системи за малтерисување
- Фасадни системи
- Подни системи
- Системи за поплочување
- Баумаркт програма - Направи сам (Градежна хемија)

### ШКОЛУВАЊА ЗА:

- Проектанти
- Изведувачи
- Градежни фирми
- Трговци